ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Врз основа на член 40 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 288/21) и член 18 став 1 алинеја 18 од Статутот на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје бр. 01-4365/1 од 17.07.2018 година, Одборот на директори на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Тарифа на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на Депозитарот и корисниците на неговите услуги бр.01-1424/1 од 04.04. 2022 година, Решението на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија бр. УП1 08-47 од 13.04.2022 година, Одлуката за изменување и дополнување на Тарифата на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на Депозитарот и корисниците на неговите услуги бр.02-2055/1 од 05.06.2026 година и Решението на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија бр. УП1 08-111 од 12.06.2026 година, се утврдува

# ТАРИФА<br>НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ<br>ЦЕНТРАЛНИОТ ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ<br>ЗА УЧЕСНИЦИТЕ ВО РАБОТАТА НА ДЕПОЗИТАРОТ<br>И КОРИСНИЦИТЕ НА НЕГОВИТЕ УСЛУГИ

**- Пречистен текст[1] -**

## Општи одредби

1. Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје (во понатамошниот текст: ЦДХВ) наплаќа надоместоци по поединечни видови на услуги кои ги извршува во текот на своето работење, во согласност со оваа Тарифа.
2. ЦДХВ ги доставува фактурите за извршените услуги во рок од 5 работни дена од денот на извршување на услугата. За Членките на ЦДХВ фактурите се наплатуваат месечно и се доставуваат во првите десет дена во месецот, а се однесуваат за претходниот месец. За издавачите чии хартии од вредност се водат во системот на ЦДХВ, фактура за годишните надоместоци се издава еднаш годишно.
3. Рок за плаќање на фактурите изнесува 8 дена од денот на доставувањето, освен за годишните надоместоци за водење на евиденција на хартиите од вредност за кои рокот изнесува 30 дена од денот на доставувањето.
4. Данокот на додадена вредност (ДДВ) не е вклучен во цената на услугите. Истиот не се пресметува за услугите кои не подлежат на оданочување според Законот за данок на додадена вредност.
5. По исклучок од утврдените надоместоци со оваа Тарифа, ЦДХВ може, врз основа на Одлука на Одборот на директори и/или склучени договори со корисниците на неговите услуги да уреди поинакво определување на надоместоците кога тоа е оправдано заради тоа што

[1] Овој пречистен текст се применува од 16.06.2026 година.

нивната дејност или статус се од значење за поддршка на развојот на пазарот на капитал, ефикасното функционирање или унапредување на пазарната инфраструктура, јавниот интерес или други околности кои од страна на Одборот на директори се проценети како оправдани.

6. Одборот на директори на ЦДХВ може со Одлука да утврди листа на издавачи на кои им се фактурира годишен надомест за водење на евиденција за акциите со одобрен попуст

7. За дел од услугите кои ги дава ЦДХВ, каде што во Тарифата е наведена цената на услугата зголемена за трошоци, под трошоци се подразбираат стварни трошоци кои не се дел од цената на услугата што ја дава ЦДХВ (трошоци на платен промет, поштарина и др.)

8. За издавачите со пасивен статус и издавачите на кои ЦДХВ ќе им определи попуст согласно точката 6 од Општите одредби, тарифните броеви од поглавјата 1.2, 1.3 и 4 се наплатуваат според утврдениот надомест зголемен за трипати.

9. По исклучок на точката 3 од Општите одредби, корисниците на дистрибутивниот систем на податоци на ЦДХВ, надоместокот за користење на услугите на дистрибутивниот систем утврден со оваа Тарифа, го плаќаат пред нивното обезбедување.

10. Услугите преку дистрибутивниот систем не се обезбедуваат за издавачите со пасивен статус и издавачите на кои ЦДХВ ќе им определи попуст, согласно точка 6 од Општите одредби.

11. Услугите кои се обезбедуваат преку дистрибутивниот систем, а се потпишани со електронски потпис содржат временски жиг.

12. Надоместоците наведени подолу во оваа Тарифа за кои е наведено дека се наплатуваат по ISIN број, се однесуваат на активности кои се поврзани со преноси на хартии од вредност, корпоративни дејства или извештаи за хартии од вредност кои се однесуваат само на конкретни хартии од вредност евидентирани под еден ISIN број.

## Надоместоци

| 1.Услуги за издавачите | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.1 Регистрациски активности** | | | | |
| Тарифен број | Услуга | Единица | Динамика | Надоместок (МКД) |
| | Опис / Појаснување | | | |
| 1.1.1 | Надомест за иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност | по издавач | еднократно | 16.000 МКД |
| | Услугата опфаќање прифаќање и обработка на податоците во нематеријализиран облик, упис на податоците за Издавачот, емисиите и сопствениците на хартии од вредност . | | | |
| 1.1.2 | Годишен надомест за водење на евиденција за хартиите од вредност | по издавач | годишно | 0,01% од номиналната вредност на хартиите од вредност издадени од издавачот, минимален надомест минимален надомест 24.000 МКД, максимален надомест 160.000 МКД |
| | Надоместокот се пресметува врз основа на износот на номиналната вредност на издадените хартии од вредност на издавачот со состојба на последниот ден од претходната календарска година, а за ново основани друштва на денот на поднесувањето на барањето за евиденција на хартиите од вредност. Доколку вредноста на издадените хартии од вредност на трговското друштво е изразена во валута различна од денари, за целите на пресметката на висината на основната главнина се зема средниот курс на валутата објавен од НБРСМ на 31.12. од претходната година. Овој тарифен број не се применува за издавачите кои потпаѓаат под одредбите на тарифните броеви за друштва со пасивен статус. | | | |
| 1.1.3 | Годишен надомест за водење на сметки на сопственици на хартии од вредност | по сметка | годишно | 42 МКД, максимален надомест 66.000 МКД |
| | Број на сметки со состојба на 31.12 претходната година. | | | |
| 1.1.4 | Надоместок за упис на нова емисија на хартии од вредност во системот на ЦДХВ | по емисија | на барање | Нова емисија во износ од 25.000 ЕУР, емисија на хартии од вредност реализирана како јавна понуда, емисија на општински обврзници и емисија на државни хартии од вредност – 32.000 МКД. Нова емисија реализирана преку приватна понуда на акции или како резултат на статусни промени, нова емисија на општински обврзници и нова емисија на корпоративни обврзници по пат на приватна понуда – |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 0.05% од номиналната вредност на емисијата, минимален надомест 32.000 МКД, максимален надомест 100.000 МКД. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.1.5 | Годишен надомест за водење на евиденција за државни должнички долгорочни хартии од вредност со кои се тргува на пазарот | по ISIN | годишно | 0,008% од пазарната капитализација, минимален надомест 16.000 МКД, максимален надомест 78.000 МКД |
| | Надоместокот се пресметува според просечна пазарна капитализација на хартиите од вредност од тој ISIN за последните 92 календарски денови од претходната календарска година (се пресметува просек на цените реализирани на пазарот во периодот 1.10-31.12 за претходната година и истиот се множи со бројот на сите долгорочни државни должнички хартии од вредност издадени под тој ISIN). Доколку во 92-те календарски денови не се тргувало со хартиите од вредност од тој ISIN, услугата на водење на евиденција за хартиите од вредност во нематеријален облик се пресметува по тарифен број 1.1.6. | | | |
| 1.1.6 | Годишен надомест за водење на евиденција за државни должнички долгорочни хартии од вредност со кои не се тргува на пазарот | по ISIN | годишно | 0,006% од номиналната вредност на емисијата, минимален надомест 12.000 МКД, максимален надомест 32.000 МКД |
| | Надоместокот се пресметува врз основа на износот на номиналната вредност на сите долгорочни државни должнички хартии од вредност издадени под тој ISIN. | | | |
| 1.1.7 | Годишен надомест за водење на сметки на сопственици на должнички долгорочни хартии од вредност | по сметка во ISIN | годишно | 20 МКД, максимален надомест 32.000 МКД |
| | Број на сметки по ISIN со состојба на 31.12 претходната година. | | | |
| 1.1.8 | Надомест за упис на хартии од вредност издадени по пат на иницијална јавна понуда | по емисија | на барање | без надомест |
| | За упис на хартии од вредност издадени по пат на иницијална јавна понуда не се наплаќа тарифниот број 1.1.4. | | | |
| 1.1.9 | Годишен надомест за водење на евиденција за хартиите од вредност на издавач со пасивен статус | по издавач | годишно | 1.500 МКД |
| | За дефинирање на друштвата со пасивен статус се применуваат одредбите од Правилата за работа на ЦДХВ. За овие друштва не се наплаќа по тарифните броеви1.1.2. и 1.1.3. | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.1.10 | Надомест за промена на статус на издавач на хартии од вредност од пасивен во активен | по издавач | Еднократно, по исполнување на услов | 25.000 МКД |

| 1.2. Корпоративни активности | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Тарифен број | Услуга | Единица | Динамика | Надоместок (МКД) |
| | Опис / Појаснување | | | |
| 1.2.1. | Корпоративни дејства за АД кои се реализираат преку сметките на имателите на хартии од вредност | по сметка<br>фиксен износ (кумулативно) | на барање | 120 МКД<br>9.000 МКД |
| | Оваа услуга опфаќа: намалување на основната главнина на друштвото со повлекување/поништување на акции, поништување на акции без намалување на основната главнина, спојување, припојување или поделба на друштва, спојување или поделба на акции, надомест за распределба на дивиденда во акции и други корпоративни активности на ниво на сметка на имател. | | | |
| 1.2.2 | Корпоративни дејства за АД кои се реализираат на ниво на ISIN број | по ISIN | на барање | 9.000 МКД |
| | Оваа услуга опфаќа: намалување на основната главнина на друштвото со намалување на номиналната вредност по акција, промена на валута на хартиите од вредност и други | | | |
| 1.2.3 | Претворање на род на акции | по сметка<br>фиксен износ (кумулативно) | на барање | 45 МКД<br>4.000 МКД |
| 1.2.4 | Надомест за пресметки | по сметка<br>фиксен износ (кумулативно) | на барање | 60 МКД<br>за државни должнички хартии од вредност 45 МКД<br>До 500 сметки 7.500 МКД<br>Над 500 сметки 15.000 МКД<br>за државни должнички хартии од вредност 2.000 МКД |
| | Оваа услуга опфаќа: пресметка на дивиденда во пари, пресметка на главница и/или камата на обврзници. | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Надомест за исплати | По издавач<br>по сметка<br>по ЕПДД образец | на барање | 0,02% од вредноста на исплатата на приносот, не помалку од 20.000 MKD и не повеќе од 200.000 МКД<br>60 МКД+ трошоци<br>9.000 МКД |
| 1.2.5 | Оваа услуга опфаќа: исплата на дивиденда во пари, исплата на главница и/или камата од обврзници, за издавачи кои се трговски друштва.<br>За издавачите за кои исплатата на приносите ја спроведуваат преку Депозитарот, нема да се наплатува услугата од тарифниот број 1.2.4 | | | |
| | Надомест при постапка на преземање на акционерско друштво | по преземач | на барање | 0,1% од депонираниот паричен износ или банкарска гаранција за плаќање на хартиите од вредност, но не помалку од 50.000 денари + трошоци |
| 1.2.6 | Оваа услуга се наплаќа од преземачот | | | |
| | Надомест за спроведување на активности при постапка на преземање на акционерско друштво | по сметка | на барање | 300 МКД + трошоци |
| 1.2.7 | Оваа услуга се наплаќа од преземачот, или од акционерите во зависност од условите предвидени со Проспектот, а не се наплаќа доколку преземањето не се реализира. | | | |
| 1.2.8 | Спроведување на постапка за принудна продажба/ принудно купување на хартии од вредност согласно Закон за преземање на акционерски друштва (се наплаќа од преземачот) | по преземач<br>по сметка | на барање | 0,75% од расположивата вредност предмет на принудна продажба/ принудно купување , но не помалку од 50.000 МКД и<br>300 МКД по сметка |
| 1.2.9 | Надомест за известување на акционерите во врска со преземени корпоративни дејства, доставување на повик за одржување на акционерско собрание до акционерите (се наплаќа од издавачот) | по сметка | на барање | 30 МКД + трошоци |
| 1.2.10 | Надомест за бришење на издавач од регистарот на депозитарот (поради статусни промени или преобразба на акционерско во друга форма на друштво), затворање на акционерската книга и евиденција во историска база на податоци | по издавач | на барање | 20.000 МКД |

## 1.3. Услуги за известување на издавачите

| Тарифен број | Услуга | Единица | Динамика | Надоместок (МКД) |
|---|---|---|---|---|
| | Опис / Појаснување | | | |
| 1.3.1 | Издавање на акционерска книга која содржи под 1000 сметки, на магнетен медиум (ЦД) | по акционерска книга | на барање | 1.100 МКД |
| 1.3.2 | Издавање на акционерска книга која содржи под 1000 сметки, во печатена форма | по акционерска книга | на барање | 3.850 МКД |
| 1.3.3. | Издавање на акционерска книга која содржи ≥ 1000 сметки, на магнетен медиум (ЦД) | по акционерска книга | на барање | 2.200 МКД |
| 1.3.4 | Издавање на акционерска книга која содржи ≥ 1000 сметки, во печатена форма | по акционерска книга | на барање | 6.600 МКД |
| 1.3.5 | Изработка на потврда за право на глас | по ISIN | на барање | 9.000 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за бројот на акции, бројот на гласови и процент од вкупниот број издадени акции по ISIN, на имателите на акциите, структурирани по број на акции со право на глас, а кои не се ограничени во правото на глас и не се сопствени акции на Издавачот. Извештајот содржи и податоци за бројот на акции со ограничено право на глас на имателот на акциите и бројот на сопствените акции на издавачот. Состојбата за правата на глас содржана во овој извештај е согласно евиденцијата на ЦДХВ регистрирана на сметките за хартии од вредност на имателите (со исклучок на хартии од вредност евидентирани на збирни сметки за хартии од вредност кога во извештајот е содржан податок за имателот на збирната сметка и сопствените акции на издавачите) и истата е од информативна природа. Правата на глас се остваруваат во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва. | | | |
| 1.3.6 | Изработка на нестандарден извештај | по издавач | на барање | 4.000 МКД /човек/ден |
| | Извештајот содржи податоци за состојбите евидентирани во акционерската книга на издавачот согласно барањето на издавачот. | | | |
| 1.3.7 | Изработка на стандарден извештај за промени по ISIN за одреден период | по ISIN | на барање | 1500 МКД за период од еден месец , а за секој нареден месец + 1000 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за промените (трговски трансакции и нетрговски преноси) со хартии од вредност издадени под одреден ISIN за период определен од страна на издавачот. | | | |
| 1.3.8 | Издавање акционерска книга на определен датум (датум пред доставување на барањето во ЦДХВ) | по акционерска книга | на барање | Постојна цена предвидена во претходните броеви за издавање на акционерска книга+3.300 МКД |

| | |
|---|---|
| | *Надоместоците од ова поглавје, освен тарифен број 1.3.5, се однесуваат и на книги на иматели на други хартии од вредност. |

| 2.Услуги за членките | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Тарифен број | Услуга | Единица | Динамика | Надоместок (МКД) |
| | Опис / Појаснување | | | |
| 2.1 | Надомест за прием во членство во ЦДХВ на берзански посредник | по членка | еднократно | 330.000 МКД |
| | За берзански посредник се смета членка која е брокерска куќа, банка или подружница на странска брокерска куќа, согласно Правилата за членство на Депозитарот | | | |
| 2.2 | Надомест за прием во членство во ЦДХВ на членка чувар која не е берзански посредник | по членка | еднократно | 100.000 МКД |
| 2.3 | Годишна членарина за членство на берзански посредник | по членка | годишно | 152.000 МКД |
| | За берзански посредник се смета членка која е брокерска куќа, банка или подружница на странска брокерска куќа, согласно Правилата за членство на Депозитарот. Годишната членарина се наплаќа поделена на 12 еднакви месечни рати, најдоцна до 10 во месецот за претходниот месец.. | | | |
| 2.4 | Обука за користење на системот на ЦДХВ | по барател | на барање | 1.500 МКД човек/ден |
| 2.5 | Надомест за прием во членство во ЦДХВ на друштво за управување со инвестициски фонодови | по членка | еднократно | 110.000 МКД |
| 2.6 | Годишна членарина за членство на Друштво за управување со инвестициски фондови | по членка | годишно | 50.000 МКД |
| | Годишната членарина се наплаќа поделена на 12 еднакви месечни рати, најдоцна до 10 во месецот за претходниот месец. | | | |
| 2.7 | Годишна членарина за членство на членки – чувари кои се и берзански посредници | По членка | годишно | 30.000 МКД |
| 2.8 | Годишна членарина за членство на ОТЦ членки | По членка | годишно | 30.000 МКД |
| | Надоместокот се наплатува за претходната календарска година доколку ОТЦ членката била учесник во порамнување на ОТЦ трансакции | | | |

## 3.Утврдување и порамнување

При пресметка на надоместоците утврдени во ова поглавје на Тарифата, во вредноста на трансакциите не се заметува износот на акумулирана камата за трансакции со должнички хартии од вредност.

| Тарифен број | Услуга / Опис / Појаснување | Единица | динамика | Надоместок (МКД) |
|---|---|---|---|---|
| | Надоместоци за порамнување на трансакции со хартии од вредност реализирани на овластена берза | | | |
| 3.1 | Надоместок за порамнување по принципот “Испорака наспроти плаќање” за трансакции склучени на овластена берза | од трансакција | еднаш месечно за претходниот месец | 0,1% од вредноста на трансакцијата, но не помалку од 100 МКД |
| | Надоместокот се пресметува од продажна и од куповна страна, а се наплаќа од членките на депозитарот (берзански посредници), за сите трансакции вклучително и за трансакции со обврзници за денационализација. | | | |
| 3.2 | Надоместок за порамнување на трансакции со хартии од вредност реализирани на овластена берза склучени како резултат на нова емисија на хартии од вредност по пат на јавна понуда | од трансакција, на куповната страна на трансакцијата | еднаш месечно за претходниот месец | 0,1 % од вредноста на трансакцијата, но не помалку од 100 МКД |
| | Надоместокот се пресметува од куповна страна, а се наплаќа од членките на депозитарот (берзански посредници). | | | |
| 3.3 | Надоместок за порамнување на трансакции со хартии од вредност склучени на овластена берза и пазар преку шалтер (ОТЦ) со државни хартии од вредност, освен обврзници за денационализација | Од трансакција | еднаш месечно за претходниот месец | 1. За дефинитивните трансакции склучени на пазар преку шалтер и за трансакции склучени на овластена берза- надомест од 0,0025%, минимален надомест 100 МКД. максимален надомест 10000 МКД. Надоместот се наплатува и од продажната и од куповната страна<br>2. За репо трансакции склучени на пазар преку шалтер (за секоја поединечна трансакција) – 500 МКД. Надоместот се наплатува од куповна и од продажна страна, освен доколку учесник е НБРСМ која е ослободена од надомест |

| | |
|---|---|
| | Надоместокот се пресметува од куповна и од продажна страна (освен доколку учесник во траснакцијата е НБРСМ), а се наплаќа од членките на депозитарот кои учествувале во трансакцијата. |

**4.Услуги за сопствениците на хартии од вредност и останати субјекти – корисници на услуги на ЦДХВ**

| Тарифен број | Услуга / Опис / Појаснување | Единица | динамика | Надоместок (МКД) |
|---|---|---|---|---|
| 4.1. | Надомест за спроведување на оставинско решение | по наследник | на барање | 500 МКД |
| 4.2. | Надомест за спроведување на договор за подарок | по даропримач | на барање | За дароприемачи од прв наследен ред фиксен износ од 750 МКД. За сите останати 1,3% од пазарната односно номиналната вредност на подарокот (зависно која е поголема), но не помалку од 1000 МКД |
| 4.3. | Други преноси на хартии од вредност што не се трговски преноси | по пренос | на барање | 500 МКД |
| 4.4. | Преноси на хартии од вредност по налог на членка и без промена на вистинскиот сопственик | по барање по ISIN | на барање | 200 МКД по барање, зголемено за 100 МКД по пренесен ISIN |
| 4.5 | Надомест за спроведување на пренос на сопственост во постапка на реализација на заложно право | по пренос | на барање | 0,1% од номиналната вредност на хартиите од вредност кои се предмет на преносот |
| 4.6. | Надомест за спроведување на налог од овластена институција за исплата во обврзници | по износ | на барање | 300 МКД |
| 4.7. | Надомест за спроведување на ограничување на сметката за хартии од вредност | по ISIN на сметка, по пренос | на барање | 500 МКД |
| 4.8 | Надомест за бришење на ограничување на сметката за хартии од вредност | по ISIN на сметка, по пренос | на барање | 500 МКД |
| 4.9 | Пренос на сопственост над хартии од вредност при поделба или спојување на друштва и други статусни промени кај сопственици на хартии од вредност | по сметка | на барање | 0,5% од пазарна односно номинална вредност на хартиите од вредност (зависно која е поголема), минимален надомест 1.500 МКД, но не повеќе од 3.000.000 МКД |
| | Пазарната вредност се утврдува според последната реализирана пазарна цена на акциите во последните 92 календарски дена пред денот на поднесувањето на барањето. | | | |
| 4.10 | Пренос на сопственост над хартии од вредност поради распределба на хартии од вредност во постапка на доброволна ликвидација | по сметка | на барање | 0,5% од пазарна односно номинална вредност на хартиите од вредност (зависно која е поголема), минимален надомест 1.500 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | МКД, максимален надомест 600.000 МКД |
| | Пазарната вредност се утврдува според последната реализирана пазарна цена на акциите во последните 92 календарски дена пред денот на поднесувањето на барањето. | | | |
| 4.11 | Пренос на сопственост над хартии од вредност заради вложување како непричен влог во трговско друштво | по сопственик | на барање | 0,5% од пазарна односно номинална вредност (зависно која е поголема) на хартиите од вредност кои се пренесуваат, но не помалку од 5.000 МКД и не повеќе од 600.000 МКД |
| | Пазарната вредност се утврдува според последната реализирана пазарна цена на акциите во последните 92 календарски дена пред денот на поднесувањето на барањето. | | | |
| 4.12 | Пренос на сопственост над хартии од вредност поради судско порамнување и распределба на имот за време на живот | по сопственик | на барање | 1,3 % од пазарна односно номинална вредност (зависно која е поголема) на хартиите од вредност кои се пренесуваат, но не помалку од 500 МКД и не повеќе од 5.000 МКД |
| | Пазарната вредност се утврдува според последната реализирана пазарна цена на акциите во последните 92 календарски дена пред денот на поднесувањето на барањето. | | | |
| 4.13 | Надомест за вршење на увид по барање на акционер на податоци запишани во акционерската книга (на монитор) | по увид | на барање | 1.500 МКД |
| 4.14 | Надомест за подигнување на фотокопија од акционерска книга на барање на акционер | по акционерска книга | на барање | 3.500 МКД |
| 4.15 | Надомест за потврда за физички или правни лица за поседување/непоседување на хартии од вредност | по ISIN по лице | на барање | 250 МКД |
| 4.16 | Надомест за издавање на потврда за поседување/непоседување на хартии од вредност на денот на поднесување на барањето (истиот ден) | по ISIN по лице | На барање | 400 МКД |
| 4.17 | Надомест за издавање потврди по барање на физичко или правно лице за исплатени парични средства при преземање на акционерско друштво за регулирање на даночни обврски | по лице | на барање | 200 МКД |
| 4.18 | Електронско преземање податоци од системот на ЦДХВ за овластени старателски банки | по сметка | на месечно ниво за претходниот месец | 500 МКД |
| | Под сметка се подразбира старателска сметка на која се водат сопственичките позиции за сметка на трето лице – инвеститор, вклучително и ограничените сопственички позиции за тој инвеститор на други ограничени сметки. | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.19 | Извод од сметка | по сметка | на барање | 250 МКД |
| 4.20 | Извештај за состојба на сметка на конкретен датум | по сметка | на барање | 350 МКД |
| 4.21 | Стандарден Целосен извештај за имател | по имател | на барање | 400 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за хартиите од вредност евидентирани на сметките на имателот на денот на поднесеното барање. | | | |
| 4.22 | Стандарден Целосен извештај за имател на конкретен датум | по имател | на барање | 500 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за хартиите од вредност евидентирани на сметките на имателот на конкретен датум определен од страна на подносителот. | | | |
| 4.23 | Стандарден извештај за промени на сметка во одреден период | по сметка | на барање | 900 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за промените евидентирани на сметката за хартии од вредност за период определен од страна на подносителот. | | | |
| 4.24 | Нестандарден извештај за имател на сметка | по лице | на барање | 2.000 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за состојбите евидентирани на сметката на хартии од вредност согласно барањето на имателот на сметка. | | | |
| 4.25 | Изработка на нестандарден извештај | по извештај | на барање | 3.000 МКД/човек/ ден |
| | Извештајот содржи податоци согласно барањето на субјектот-корисник на услугите на ЦДХВ овластен согласно закон, а не се однесува исклучиво на сметки на хартии од вредност од точка 4.24 од оваа Тарифа. | | | |
| 4.26 | Превод на извештај од македонски на англиски јазик | по страница | на барање | 300 МКД |
| 4.27 | Агрегирани или статистички извештаи на барање на заинтересирани лица | по извештај | на барање | 4000 МКД човек/ден |
| 4.28 | Надомест за странски правни лица за ажурирање на податоци за идентификациски број, назив и седиште, или пренос на седиште | по лице | На барање | 3.000 МКД |

| **4.а Надомест за централно чување на хартии од вредност во регистарот на хартии од вредност** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Тарифен број | Услуга | Единица | Динамика | Предлог Надомест (МКД) |
| | Опис / Појаснување | | | |
| 4а.1 | Надоместот се наплатува од *иматели со вредност на портфолиото на хартии од вредност во износ над 1.000.000 ЕУР | по имател | годишно | 0,0025% за државни должнички хартии од вредност<br><br>0,004% за сите останати хартии од вредност |
| Надоместот се пресметува на секој последен ден од месецот, а се наплатува квартално. За хартиите од вредност кои се тргуваат пазарната вредност се утврдува според последната реализирана пазарна цена на хартиите од вредност во последните 92 календарски дена пред денот на пресметката, а за останатите пресметката се утврдува врз основа на нивната номинална вредност.<br><br>*За целите на наплата на надоместот по овој тарифен број, под „имател“ се подразбира имател на сметката за хартии од вредност, односно сопственик или субјект на чие име е отворена сметката за хартии од вредност, а за сметка на трети лица. При пресметката се применува средниот курс објавен од страна на Народна банка на РСМ на денот на пресметката.<br><br>Од пресметката се исклучуваат сопственички хартии од вредност издадени од издавачи над кои е отворена стечајна постапка. | | | | |

| **5. Услуги за користење на дистрибутивниот систем** | | | |
|---|---|---|---|
| **5.1 Услуги за користење на дистрибутивниот систем за издавачи** | | | |
| Тарифен број | Услуга | Единица | Надоместок (МКД) |
| 5.1.1 | Издавање на акционерска книга која содржи под, или 1000 сметки, во ексел или пдф формат | по акционерска книга | 1.000 МКД |
| 5.1.2 | Издавање на акционерска книга која содржи над 1000 сметки, во ексел или пдф формат | по акционерска книга | 2.000 МКД |
| 5.1.3. | Издавање на акционерска книга која содржи под, или 1000 сметки, во електронски пдф формат, верификувана со електронски потпис и временски жиг | по акционерска книга | 2.500 МКД |
| 5.1.4 | Издавање на акционерска книга која содржи над 1000 сметки, во електронски пдф формат, верификувана со електронски потпис и временски жиг | по акционерска книга | 4.500 МКД |
| 5.1.5 | Издавање акционерска книга на определен датум (датум пред доставување на барањето во ЦДХВ), во ексел или електронски пдф формат | по акционерска книга | Постојна цена предвидена во тарифните броеви 5.1.1 или 5.1.2 за издавање на акционерска книга+3.000 МКД |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.1.6 | Издавање акционерска книга на определен датум (датум пред доставување на барањето во ЦДХВ), во електронски пдф формат, верификувана со електронски потпис и временски жиг | по акционерска книга | Постојна цена предвидена во во тарифните броеви 5.1.3 или 5.1.4 за издавање на акционерска книга+3.000 МКД |
| 5.1.7 | Изработка на потврда за право на глас | по ISIN | 7.000 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за бројот на акции, бројот на гласови и процент од вкупниот број издадени акции по ISIN, на имателите на акциите, структурирани по број на акции со право на глас, а кои не се ограничени во правото на глас и не се сопствени акции на Издавачот. Извештајот содржи и податоци за бројот на акции со ограничено право на глас на имателот на акциите и бројот на сопствените акции на издавачот. Состојбата за правата на глас содржана во овој извештај е согласно евиденцијата на ЦДХВ регистрирана на сметките за хартии од вредност на имателите (со исклучок на хартии од вредност евидентирани на збирни сметки за хартии од вредност кога во извештајот е содржан податок за имателот на збирната сметка и сопствените акции на издавачите) и истата е од информативна природа. Правата на глас се остваруваат во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва. | | |
| 5.1.8 | Изработка на потврда за право на глас, верификувана со електронски потпис и временски жиг | по ISIN | 7.500 МКД |
| | Извештајот ги содржи податоците од тарифен број 5.1.7 | | |
| 5.1.9 | Топ 20 акционери по ISIN | по ISIN | 2.000 МКД |
| 5.1.10 | Топ 20 акционери по ISIN, верификуван со електронски потпис и временски жиг | по ISIN | 2.500 МКД |
| 5.1.11 | Изработка на стандарден извештај за промени по ISIN за одреден период (Извештај за трговски и нетрговски преноси) | по ISIN | 1.000 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за промените (трговски трансакции и нетрговски преноси) со хартии од вредност издадени под одреден ISIN, за период од најмногу еден календарски месец определен од страна на издавачот. | | |
| 5.1.12 | Изработка на стандарден извештај за промени по ISIN за одреден период, верификуван со електронски потпис и временски жиг (Извештај за трговски и нетрговски преноси) | по ISIN | 1.500 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за промените (трговски трансакции и нетрговски преноси) со хартии од вредност издадени под одреден ISIN, за период од најмногу еден календарски месец определен од страна на издавачот. | | |
| 5.1.13 | Доставување на известување од издавачот до имателите | по известување | 200 МКД + 20 МКД по имател |
| 5.1.14 | Инсајдерско тргување | по известување | 100 МКД |
| | Известувањето за инсајдерско тргување содржи информации за издавачот на хартии од вредност дали некој од листата на пријавени инсајдери се стекнал или отуѓил хартии од вредност издадени од тој издавач.<br>Претходно, издавачот преку порталот ги пријавува инсајдерите и на секоја промена на состојба на издадените хартии од вредност, до издавачот се испраќа известување за инсајдерот кој ги | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | стекнал, односно отуѓил хартиите од вредност, начинот на нивно стекнување или отуѓување (трговски или нетрговски пренос) и пренесениот број на хартии од вредност.<br>Статусот на инсајдер го определува издавачот | | |
| 5.1.15 | Извештај за структура на друштво | по известување | 2.000 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за структура на основната главнина, учество на акционерите во основната главнина и акционери со учество над 5%. | | |
| 5.1.16 | Извештај за структура на друштво , верификуван со електронски потпис и временски жиг | по известување | 2.500 МКД |
| | Извештајот ги содржи податоците од тарифен број 5.1.15. | | |

## 5.2. Услуги за користење на дистрибутивниот систем за иматели

| Тарифен број | Услуга | Единица | Надоместок (МКД) |
|---|---|---|---|
| 5.2.1 | Извод од сметка | по сметка | 100 МКД |
| 5.2.2 | Извод од сметка, верификуван со електронски потпис и временски жиг | по сметка | 200 МКД |
| 5.2.3 | Извештај за состојба на сметка на конкретен датум | по сметка | 150 МКД |
| 5.2.4 | Извештај за состојба на сметка на конкретен датум верификуван со електронски потпис и временски жиг | по сметка | 300 МКД |
| 5.2.5 | Стандарден целосен извештај за имател | по имател | 200 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за хартиите од вредност евидентирани на сметките на имателот на денот на поднесеното барање. | | |
| 5.2.6 | Стандарден целосен извештај за имател , верификуван со електронски потпис и временски жиг | по имател | 300 МКД |
| | Извештајот ги содржи податоците од тарифен број 5.2.5. | | |
| 5.2.7 | Стандарден целосен извештај за имател на конкретен датум | по имател | 250 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за хартиите од вредност евидентирани на сметките на имателот на конкретен датум определен од страна на подносителот. | | |
| 5.2.8 | Стандарден целосен извештај за имател на конкретен датум , верификуван со електронски потпис и временски жиг | по имател | 400 МКД |
| | Извештајот ги содржи податоците од тарифен број 5.2.7. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.2.9 | Стандарден извештај за промени на сметка во одреден период | по сметка | 500 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за промените евидентирани на сметката за хартии од вредност за период определен од страна на подносителот. | | |
| 5.2.10 | Стандарден извештај за промени на сметка во одреден период , верификуван со електронски потпис и временски жиг | по сметка | 700 МКД |
| | Извештајот ги содржи податоците од тарифен број 5.2.9. | | |
| 5.2.11 | Нестандарден извештај за имател на сметка (Извештај за вложувања) | по извештај | 1.500 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за состојбите евидентирани на сметката на хартии од вредност. | | |
| 5.2.12 | Нестандарден извештај за имател на сметка (Извештај за вложувања) , верификуван со електронски потпис и временски жиг | по извештај | 2.000 МКД |
| | Извештајот ги содржи податоците од тарифен број 5.2.11. | | |
| 5.2.13 | Вредност на портфолио | по извештај | 300 МКД |
| | Извештајот содржи податоци за состојбата на сметка во кој е изразен вкупниот број на хартии од вредност на имателот на сметка и нивната моментална пазарна вредност. Доколку со хартиите од вредност не се тргува, изразена е само нивната номинална вредност. | | |

**Преодни и завршни одредби**

Надоместот од Поглавје 4.1а ќе се наплатува започнувајќи од 01.01.2027 година, а со започнувањето на неговата наплата ќе се укине тарифниот број 1.1.3.

Овој пречистен текст на Тарифата ќе се применува од 16.06.2026 година.

**Одбор на директори**
**Претседател**
**Иван Штериев**

.